**Општина Шуто Оризари-Komuna Šuto Orizari-Komuna Shuto Orizari**
**Република Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut**

**Бр- No-Nr. 10-968/9**
**02.12. 2021 год- berš-viti**
**СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP**

Врз основа на член 26 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на Република Македонија бр. 199/14; 44/15; 193/15; 31/16; 163/16; 91/17; 64/18 и 168/18) и Законот за урбанистичко планирање член 44 став 7 (Сл.Весник на Република Македонија бр.32/20), Градоначалникот на општина Шуто Оризари, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е
## За одобрување на Планска програма за Градска четврт С.07

1. Се одобрува Планска програма за изработка на Детален урбанистички план за Градска четврт С.07, во оптшина Шуто Оризари, со технички број 70/2021 од октомври 2021 година, изработена од ИН – ПУМА ДОО Скопје и доставена преку информацискиот систем „е-урбнизам" со постапка број 38874.
2. Со влегуваање во сила на ова Решение се смета дека постапката за донесување ДУП за Градска четврт С.07, е започната.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во согласност со Програмата за урбанистичко планирање „Ф" за 2021 година, на општина Шуто Оризари, започната е постапка за донесување на ДУП за Градска четврт С.07, во општина Шуто Оризари. Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Шуто Оризари, со решение број 10-477/1 од 10.06.2021 година во состав од:

1. Љупчо Павлов дипл.инж.арх. – Претседател;
2. Георги Клинчаревски дипл.инж.арх. – Член;
3. Иво Ѓоргиев дипл.инж.арх. – Член;
4. Вукосав Кесиќ дипл.инж.арх. – Член;
5. Драган Павлов дипл.инж.арх. – Член.

Комисијата за урбанизам ја разгледа Планската програма и достави Предлог до Градоначалникот со архивски број 10-968/8 од 29.11.2021 година, за одобрување на истата.

Врз основа на Образложението се одлучи како во точка 1 од ова Решение.

**Градоначалник на општина Шуто Оризари**
**Курто Дудуш**

---------------------------------------------------

Kurto Dudush

Digitally signed by Kurto Dudush
DN: c=MK, ou=VAT - 4030004558678, 2.5.4.97=NTRMK-6006817, o=Opstina Suto Orizari, serialNumber=147836, title=Gradonacalnik na opstina, sn=Dudush, givenName=Kurto, cn=Kurto Dudush
Date: 2021.12.02 14:43:58 +01'00'